Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-83/2019
Датум: 19.3.2020 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Национална установа – Центар за култура „Иљо Антески Смок“ - Тетово (во натамошниот текст: Центар) |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „Маршал Тито“ бб, Тетово |
| Адреса за е-пошта | ckia.smok@yahoo.com |
| Телефон | 071 372 728 |
| Матичен број на субјектот | 4035291 |
| Даночен број на субјектот | 4028976107760 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 180101029460318 |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ, Скопје |

Одговорно лице на субјектот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Артан Арслани, в.д. директор | 071 372 7… | … |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 11.3.2020 г. | Вр… ин… | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 18.3.2020 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши | Националната установа – Центар за култура „Иљо Антески Смок“ - Тетово | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
…ov.mk

| | |
|---|---|
| надзорот | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Дејности на објектите за културни манифестации (шифра 90.04) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. „Маршал Тито“ бб, Тетово |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Иницијативата за инспекциски надзор, заведена во Министерството за култура под бр. ИП 1 57-83 од 8.11.2019 г., којашто е поднесена анонимно, пришто во неа е наведено дека подносители се членови на матични дејности при Центарот и група уметници и интелектуалци од Тетово.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК).

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведување на членот 70-а став (4) од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на одобрените и преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, наменети за набавка на Други материјали за греење (нафта) во 2018 и 2019 година, согласно со договорите за учество во финансирање на годишните програми за работа на НУ Центар за култура „Иљи Антески смок“ од Тетово, бр. 19-5233/1 од 27.4.2018 г. и бр. 20-4924/1 од 15.4.2019 г, како и анекс-договорите бр. 19-5233/13 од 28.12.2018 г., бр. 20-4924/5 од 10.10.2019 г. и бр. 20-4924/12 од 26.12.2019 година. Имено, во поднесената Иницијатива за инспекциски надзор, меѓудругото, наведено е дека „иако секоја година тендерот за нафта поминува, средствата наменети за оваа ставка ненаменски се трошат“.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Артан Арслани, в.д. директор | 071 372 728 | ckia.smok@yahoo.com |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваше и лицето Хаки Фазлиу, поранешен директор на Центарот.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

I - Користење на буџетските средства наменти за материјали за греење во 2018 година

- Согласно со Договорот за учество во финансирање на годишната програма за работа на НУ Центар за култура „Ил ьо Антески смок“ од Тетово за 2018 година, од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност, бр. 19-5233/1 од 27.4.2018 г., со Решение бр. 19-5233/10 од 22.10.2018 г., МК превело 800.000 денари на буџетската сметка на Центарот за Други материјали за греење (Банков извод 20 од 13.11.2018 година).
- Врз основа на спроведената постапка за јавни набавки, со барање за прибирање на понуди со електронска аукција и Одлуката за избор на најповолен понудувач бр. 0507-180/11 од 17.11.2018 г., Центарот склучил Договор со ДППУ „Супертрејд“ од Скопје, бр. 0507-180/12 од 26.11.2018 г., за набавка на 14.156 литри гориво за греење во вкупен износ од 717.191 денар.
- ДППУ „Супертрејд“ од Скопје извршил испорака на 14.156 литри гориво за греење, за што доставил две фактури, бр. 02896 од 5.12.2018 г. и бр. 02956 од 6.12.2018 г., на вкупен износ од 618.121 денар. Според изјавите на присутните лица, вкупниот износ на набавеното гориво е понизок, од причини што во меѓувреме се намалила цената на екстра лесното гориво.
- Пред да биде извршена исплатата на горивото за греење, од буџетската сметка на Центарот присилно се наплатени 1.667.538 денари по Налог за извршување И.бр. 20184/18 од 4.12.2018 г. за главен долг, камата, извршни и други трошоци по основ на ненамирена обврска кон „Урбан план конструктион“ од Тетово, изведувач на новиот објект на Театар и Библиотека во Тетово. Меѓу другите, од буџетската сметка се присилно наплатени и средствата од програма 47 ставка 421 – Други

материјали за греење во износ од 800.000 денари (банкови изводи бр. 21 од 6.12.2018 г. и бр. 22 од 11.12.2018 година). Според презентираната документација и изјавите на присутните лица, ненавременото намирување на обврските кон „Урбан план конструктион" од Тетово е поради доцнењето на преведувањето на средствата за таа намена од страна на МК.

- Со оглед дека средствата наменети за материјали за греење биле присилно наплатени од страна на извршител, Центарот до МК во три наврати доставил барање за повторна исплата на финансиски средства за греење за 2018 г. во износ од 800.000 и тоа бр. 0302-10/1 од 9.1.2019 г., бр. 0302-138/2 од 10.6.2019 г. и бр. 0302-190/2 од 22.8.2019 година.
- Врз основа на Барањето на Центарот бр. 0302-190/2 од 22.8.2019 г., на 10.10.2019 г. склучен е Анекс кон Договорот за за учество во финансирање на годишната програма за работа на НУ Центар за култура „Иљи Антески смок" од Тетово за 2019 година, од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност, бр. 20-4924/1 од 15.4.2019 г., со којшто на Центарот му се одобрени дополнителни 800.000 денари за материјали за греење (односно, вкупно 1.600.000 денари, заедно со средствата за 2019 година). Средствата се преведени со Решение бр. 20-4924/6 од 16.10.2019 г. (Банков извод бр. 25 од 17.10.2019 година).
- Со повторно преведените средства од страна на МК, Центарот му исплатил 618.121 денари на ДППУ „Супертрејд" од Скопје за испорака на 14.156 литри гориво за греење во 2018 г., по фактурите бр. 02896 од 5.12.2018 г. и бр. 02956 од 6.12.2018 г. (Банков извод бр. 25 од 17.10.2019 година).

II - Користење на буџетските средства наменти за материјали за греење во 2019 година

- Согласно со Договорот за учество во финансирање на годишната програма за работа на НУ Центар за култура „Иљи Антески смок" од Тетово за 2019 година, од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност, бр. 20-4924/1 од 15.4.2019 г, како и анекс-договорите бр. 20-4924/5 од 10.10.2019 г. и бр. 20-4924/12 од 26.12.2019 г., со решенија бр. 20-4924/3 од 9.8.2019 г. (786.702 денари за 2019 г.) и бр. 20-4924/6 од 16.10.2019 г., (за горенаведените 800.000 денари за 2018 г.), МК превело вкупно 1.586.702 денари на буџетската сметка на Центарот за Други материјали за греење (банкови изводи бр. 20 од 13.8.2019 г. и бр. 25 од 17.10.2019 година).
- Врз основа на спроведената постапка за јавни набавки, со барање за прибирање на понуди со електронска аукција и Одлуката за избор на најповолен понудувач бр. 0507-247/2 од 13.11.2019 г., Центарот склучил Договор со ДПТУ „Тритерол" од

Скопје, бр. 0507-247/3 од 20.11.2019 г., за набавка на 16.059 литри гориво за греење во вкупен износ од 593.220 денари, без ДДВ (односно, 699.999 денари бруто).
- ДПТУ „Тритерол" од Скопје извршил испорака на 16.059 литри гориво за греење, за што доставил Фактура бр. 31001900402 од 22.11.2019 г. на износ од 699.999 денари.
- Пред да биде извршена исплатата на горивото за греење, од буџетската сметка на Центарот присилно се наплатени 925.916 денари по Налог за извршување И.бр. 1083/19 од 28.10.2019 г. за главен долг, камата, извршни и други трошоци по основ на ненамирени обврски од претходни години за комунални услуги кон „Јавното комунално претпријатие" од Тетово (Банков извод бр. 27 од 31.10.2019 година). Меѓу другите, од буџетската сметка се присилно наплатени и средствата од програма 47 ставка 421 – Други материјали за греење во износ од 786.702 денари. Според презентираната документација и изјавите на присутните лица, ненавременото намирување на обврските кон „Јавното комунално претпријатие" од Тетово е поради фактот што во периодот 2015-2018 година не биле преведувани средства за комунални услуги од страна на МК, па во тој период Центарот ги намирувал тие обврски само делумно, колку што имал средства од сопствени приходи. Според изјавата на в.д. директорот, тој проблем сега е надминат и Центарот нема ненамирени обврски кон ЈКП Тетово.
- Со оглед дека средствата наменети за материјали за греење н буџетската сметка биле присилно наплатени од страна на извршител, Центарот извршил исплата на обврската за гориво за греење кон ДПТУ „Тритерол" од Скопје во износ од 699.999 денари од сметката за самофинансирачки активности (Банков извод бр. 42 од 19.12.2019 г.) и не побарал повторно преведување на средства за таа намена од МК. Имено, според изјавата на в.д. директорот, Центарот во тој момент имал средства на сопствената сметка, пред се, поради наплата на 1.000.000 денари како дел од побарување од Општина Тетово за главен долг, камата, извршни и други трошоци во вкупен износ од 1.643.774 денари, за што има издадено и Налог за извршување И.бр.639/18 од 24.4.2018 г. но налогот сеуште не е извршен.

-Инаку, според изјавите на присутните лица, во зимскиот период Центарот има проблеми со загревањето на големата сала, пред се поради фактот што преведените средства за таа намена од страна на МК се недоволни, при што од презентираните нацрт годишни програми за работа на установата во 2018 и 2019 година, доставени до МК, евидентно е дека Центарот побарувал 2.000.000 денари за греење секоја година (според реалните проценки за трошоци за гориво), но од страна на МК му се одобрувани и преведувани само 800.000 денари.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, наменети за набавка на Други материјали за греење (нафта) во 2018 и 2019 година, се потрошени наменски за набавка на екстра лесно масло за греење, во износ и количини во рамки на спроведените постапки за јавни набавки, додека дел од преведените средства се присилно наплатени по налози за извршување за ненамирени обврски на Центарот за изведбени работи на новиот Театар и Библиотека во Тетово, како и за комунални услуги, односно за долгови кои настанале, пред се, како резултат на ненавременото преведување на средства за тие намени од страна на МК. Оттука, имајќи предвид дека при вонредниот инспекциски надзор не се утврдени неправилности во работењето на НУ–Центар за култура „Иљо Антески Смок" - Тетово од аспект на наменското користење на одобрените и преведените средства за набавка на Други материјали за греење (нафта) во 2018 и 2019 година, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 85 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

Нема

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: Артан Арслани, в.д. директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
| Датум: | 23 .3.2020 г. | Датум: | 19.3.2020 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk